**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** *www.kzk.gov.mk* *e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Уп. бр. 08-24

Врз основа на член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.04/05, 70/06 и 22/07) постапувајќи по известувањето за концентрација помеѓу Хјулит-Пакард Компанија и АркСајт Инк. поднесено од Хјулит-Пакард Компанија, застапувано од Адвокат Марија Филиповска од Скопје и Адвокат Леонид Ристев од Битола, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 29.10.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **Се утврдува дека концентрацијата** помеѓу **Хјулит-Пакард Компанија (Hewlett-Packard Company)** со регистрирано седиште на Ул. Ханновер Пало Алто, 3000, ЦА 94304-1185, САД и **АркСајт Инк. (ArcSight Inc.)** со регистрирано седиште на Резалтс Веј, 5, Купертино, ЦА 95014, САД, преку стекнување на целосна контрола во АркСајт Инк. (ArcSight Inc.) од страна на Хјулит-Пакард Компанија (Hewlett-Packard Company)**,** иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30 000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) на ден 28.09.2010 година, а дополнето на 08.10.2010 година, Хјулит-Пакард Компанија (Hewlett-Packard Company), (во понатамошниот текст: Хјулит-Пакард Компанија) преку Адвокат Марија Филиповска од Скопје и Адвокат Леонид Ристев од Битола, поднесе известување за концентрација помеѓу Хјулит-Пакард

Компанија и АркСајт Инк. (ArcSight Inc.), (во понатамошниот текст: АркСајт Инк.), согласно одредбите од член 16 став (1) точка 2) и член 16 став 3 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известувањето и оцена на концентрацијата, ја утврди следната фактичка состојба:

**1. Учесници во концентрацијата: фирма, седиште и предмет на работење:**

**а) Хјулит-Пакард Компанија** со регистрирано седиште на Хановер Пало Алто, 3000, ЦА 94304-1185, САД

Хјулит-Пакард Компанија е крајната мајка-компанија на групацијата Хјулит-Пакард. Хјулит-Пакард Компанија е друштво со кое јавно се тргува, основано е во согласност со законските одредби на Делавер, САД. Неговите акции се широко распространети. Ниту еден акционер (или група на акционери) нема контрола врз Хјулит-Пакард Компанија.

Хјулит-Пакард Компанија нуди технолошки решенија за персонални корисници, деловни корисници и институции на глобално ниво. Групацијата на потрошувачите им нуди инфраструктура за информатичка технологија („ИТ“), глобални услуги, компјутерска опрема за деловни и персонални корисници, апарати за сликање и печатење, и во многу мала мера, ИТ софтвери. Во областа на софтвери за управување со безбедноста и чувствителните точки, Хјулит-Пакард Компанија има многу ограничени активности, кои вклучуваат само одредени видови на апликативни скенери.

Во Република Македонија, Хјулит-Пакард Компанија е активна во продажба на персонални компјутери, сервери, технологија за печатење, ИТ услуги, ИТ софтвер (не вклучувајќи ги софтверите за безбедност на информации и управување со настани).

Хјулит-Пакард Компанија не поседува ниту директно ниту индиректно акции, удели или право на глас во ниедно друштво регистрирано во Република Македонија.

**б) АркСајт Инк.** со регистрирано седиште на Резалтс Веј, 5, Купертино, ЦА 95014, САД.

АркСајт Инк. произведува решенија за големи корисници за управување со закани и ризици, кои ги штитат организациите од стопанскиот и владиниот сектор. Платформата на компанијата за управување со заканите и ризиците кој големите корисници ги прибира, консолидира и ги поврзува податоците од мрежната и корисничката активност низ организацијата, со цел истата да биде во можност брзо да ги детектира, дијагностицира и да се справи со внатрешните и надворешните закани и ризици низ целата организацијата а во врска со активности кои се поврзани со критични средства и процеси.

АркСајт Инк. е активен во Република Македонија во областа на софтвер за безбедност на информации и управување со настани.

АркСајт Инк. не поседува ниту директно ниту индиректно акции или право на глас во ниедно друштво регистрирано во Република Македонија.

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правната форма на концентрацијата е стекнување на контрола од страна на Хјулит-Пакард Компанија врз АркСајт Инк., во смисла на член 18 став (1) точка (2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

На 13 Септември 2010 година е склучен Договор и План за спојување од страна на, и помеѓу Хјулит-Пакард Компанија и АркСајт Инк. согласно кој Хјулит-Пакард Компанија ќе се стекне со АркСајт Инк., односно АркСајт Инк. ќе прерасне во подружница во целосна сопственост на Хјулит-Пакард Компанија.

**3. Правна основа на концентрацијата**

Договор и План за спојување склучен на 13 Септември 2010 година од страна на, и помеѓу Хјулит-Пакард Компанија и АркСајт Инк. согласно кој Хјулит-Пакард Компанија ќе се стекне со АркСајт Инк., односно АркСајт Инк. ќе прерасне во подружница во целосна сопственост на Хјулит-Пакард Компанија.

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

Вкупниот годишен приход на Хјулит-Пакард Компанија остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2009[1] година изнесува 114.552.000.000,00 УСД односно во денарска противвредност 4.887.372.535.200,00 денари[2] односно 79.894.014.620,78 евра[3].

Вкупниот годишен приход на Хјулит-Пакард Компанија остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2009 година изнесува XXX[4] евра, односно во денарска противвредност XXX денари.

Вкупниот годишен приход на АркСајт Инк. остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2009[5] година изнесува 181.384.000,00 УСД

---

[1] Финансиската година завршува на 31 Октомври, па оттука податокот е даден за период 1 Ноември 2008 до 31 Октомври 2009

[2] среден курс на НБРМ на 31.12.2009 година 1УСД=42,6651 денари

[3] среден курс на НБРМ на 31.12.2009 година 1ЕУР= 61,1732 денари

[4] Податоците обележани со ххх се службена тајна

[5] Финансиската година завршува на 30 Април, па оттука податокот е даден за период 1 Мај 2009 до 30 Април 2010

односно во денарска противвредност 7.738.766.498,40 денари односно 126.505.830,96 евра.

Вкупниот годишен приход на АркСајт Инк. остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2009 година изнесува ХХХ евра, односно во денарска противвредност ХХХ денари.

Оттука, за концентрацијата помеѓу Хјулит-Пакард Компанија и АркСајт Инк. постои обврска за известување до Комисијата, согласно одредбите од член 16, став 1, точка 2 од Законот, бидејќи заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија - учесници во концентрацијата, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија, во деловната година што и претходи на концентрацијата го надминува законскиот праг од 2,5 милиони евра.

**5. Структура на имателите на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола односно решавачко влијание, пред и после спроведената концентрација (изразена во проценти)**

**5.1. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – пред спроведувањето на концентрацијата:**

Пред спроведувањето на концентрацијата, акциите на АркСајт Инк. се котирани на американската електронска берза НАСДАК.

**Табела1**
Структура на иматели на акции кои поседуваат над 5% од акциите во АркСајт Инк.

| **Акционер** | **Вид на интерес** | **Број на акции** |
|---|---|---|
| kleiner perkins caufield & byers ix | Сопственик на акции | 1,371,399 |
| kleiner perkins caufield & byers ix | Сопственик на акции | 42,337 |
| kleiner perkins caufield & byers ix | Сопственик на акции | 1,207,162 |
| kleiner perkins caufield & byers ix | Сопственик на акции | 34,047 |
| kpcb holdings inc | Сопственик на акции | 2,573,113 |
| kpcb ix associates llc | Сопственик на акции | 1,413,736 |
| kpcb x associates llc | Сопственик на акции | 1,241,209 |

**5.2. Структура на иматели на акции во претпријатието над кое се стекнува контрола – по спроведувањето на концентрацијата:**

По спроведувањето на концентрацијата, Хјулит-Пакард Компанија ќе се стекне со 100% од акциите на АркСајт Инк..

**6. Релевантни пазари**

**6.1. Релевантен пазар на производ**

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно подносителот на известувањето за концентрација, постојат два релевантни пазари на производи за предметната концентрација и тоа:

- **Пазар на софтвер за безбедност на информации и управување со настани и**
- **Пазар на мерки за безбедност и управување со критични моменти**

Што се однесува до првиот релевантен пазар, АркСајт Инк. е активна на овој пазар додека Хјулит-Пакард Компанија не произведува никаков производ за овој пазар. Оттука, не постои преклопување помеѓу производите на учесниците во концентрацијата на овој релевантен пазар.

Во однос на вториот релевантен пазар, АркСајт Инк. е активна на овој пазар, додека Хјулит-Пакард Компанија во незначителна мера има активности на овој пазар.

**6.2. Релевантен географски пазар**

Подносителот на известувањето за концентрацијата односно учесниците во концентрацијата сметаат дека релевантниот географски пазар може да биде дефиниран како светски.

Со оглед на ограниченото присуство на страните во Македонија и на отсуството на какви и да било преклопувања на првиот релевантниот пазар на производ, односно незначително мало зголемување на пазарниот удел на Хјулит-Пакард Команија на вториот релевантен пазар, Комисијата го остава отворено прашањето дали релевантен географски пазар е територијата на Република Македонија, истиот е регионален или пак светски, бидејќи било кој од наведените пазари да се земе како релевантен географски пазар нема да влијае врз крајната оценка на концентрацијата.

**7. Пазарни удели на релевантниот пазар на учесниците во концентрацијата**

Според проценката на подносителот на известувањето, пазарното учество на учесниците во концентрацијата на двата релевантни пазари во Република Македонија, пред спроведувањето на концентрацијата е следното:

- **Пазар на софтвер за безбедност на информации и управување со настани**

| **Учесници во концентрацијата** | **Проценка на пазарните удели** |
|---|---|
| Хјулит-Пакард Компанија | 0% |
| АркСајт Инк. | 10-20% |

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ™ кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- **Пазар на мерки за безбедност и управување со критични моменти**

| **Учесници во концентрацијата** | **Проценка на пазарните удели** |
|---|---|
| Хјулит-Пакард Компанија | 0-5% |
| АркСајт Инк. | 0-5% |

**8. Попис и проценка на пазарните удели на главните пазарни конкуренти на учесниците во концентрацијата**

Според подносителот на известувањето за концентрација, пазарните удели на главните пазарни конкуренти на релевантните пазари во Република Македонија, се следните:

- **Пазар на софтвер за безбедност на информации и управување со настани**

| **Име на конкурентот** | **Проценка на пазарните удели** |
|---|---|
| EMC | 5-10 % |
| Symantec | 5-10 % |
| Net IQ | 5-10 % |
| Q1 Labs | 5-10 % |

- **Пазар на мерки за безбедност и управување со критични моменти**

| **Име на конкурентот** | **Проценка на пазарните удели** |
|---|---|
| IBM | 5-10 % |
| Symantec | 5-10 % |
| Net IQ | 0-5 % |
| Cisco | 0-5 % |
| Microsoft | 0-5 % |

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ™ кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**9. Детален опис на организацијата на мрежата на дистрибуција и малопродажба на стоки и/или услуги на релевантниот пазар, со посебен опис на мрежата на дистрибуција или малопордажба која ја користат учесниците во концентрацијата (сопствена, договорена и др.)**

Хјулит-Пакард Компанија нема развиено дистрибутивна мрежа во Република Македонија, додека АркСајт Инк. ги дистрибуира своите производи во Република Македонија преку мал број на независни дистрибутери и препродавачи, особено преку РЕАЛ Секјурити (REAL Security) и С и Т (S & T).

**10. Оцена на концентрацијата**

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2 и став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 14 од Уредбата за поблиските критериуми за оценка на концентрациите и содржината и формата на известувањето (Службен весник на Република Македонија бр.91/05) оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Поради фактот што со предметната концентрација нема да настанат никакви односно ќе настанам мали незначителни промени во структурата на пазарот во Република Македонија, Комисијата оцени дека концентрацијата помеѓу Хјулит-Пакард Компанија и АркСајт Инк. ги задоволува критериумите од член 17 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, и е во согласност со Законот

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 20 став 1 точка 2 од Законот за заштита на концентрацијата.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**